Трајан ГОЦЕВСКИ

**УДК: 355.45:[339.923:061.1ЕУ**

# ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ОДБРАНБЕНИОТ ИДЕНТИТЕТ

***Кратка содржина***

*Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија (ЗНБП) во новата безбедносна средина е централна тема која ќе се разгледа во овој труд. Ова е посебно актуелно од причини што Република Македонија како главен приоритет во својата политика ја има определбата за зачленување во ЕУ. За проучување на Заедничката надворешна и безбедносна политика се тргнува од историските околности во кои беше формирана оваа институција, одејќи по развојниот пат преку проучување на сите клучни моменти во тој развој. Одредени политички моменти допринеле во нејзиниот развој, додека другите го успориле тој пат отворајќи дилеми, а некогаш и ставајќи го во знак прашање понатамошниот развој и опстанок. Еден таков момент кога треба да се даде одговор на многу прашање е актуелен и сега. Она што го прави посебно актуелно е фактот што Заедничката надворешна и безбедносна политика е во процес на реформи внатре во самата структура со цел да може што поподготвено да се справи со безбедносните закани и ризици.*

*Заедничката надворешна и безбедносна политика во новите политички околности во светот, денес, се наоѓа пред крупни реформи. Со реформите треба да се решат две битни прашања: прво, како да се биде актуелен во услови кога има конкретно дефинирана положба на НАТО како воено-политички сојуз и второ, како да се носи со новите безбедносни предизвици кои не се конвенционални туку се од различна природа и имаат широк спектар на загрозување во новата безбедносна средина. Аналогно посочените проблеми главен проблем на трудот ќе биде да се проучат можните импликаци по ЗНБП од реформите и проширувањето на ЕУ и обратно, како ќе се одрази понатамошното зајакнување на улогата на ЗНБП врз НАТО. Посебно ќе биде третиран проблемот кој се однесува на тоа дали евросилите можат да преминат во повисоко ниво на мултинационалност и дали во некои околности истите да бидат соодветна замена за силите на НАТО.*

***Клучни зборови**: ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ, ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА, ОДБРАНБЕН ИДЕНТИТЕТ НА* ЕУ.

## 1. ЕУ и Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ

Европа била средиште на борбените дејства во Првата и Втората светска војна. На крајот од двете војни резултатите биле следниве: уништени економии, уништени градови и населби, раселени луѓе, човечки жртви и страдања. На Европјаните им биле потребни две светски војни за да почнат да размислуваат за своето обединување врз поинакви основи отколку во минатото. Особено тоа се однесува на земјите од Западна Европа кои го избрале патот на економска и политичка интеграција. Процесот на формирање на Европската унија започнал во мај 1950 година кога министерот за внатрешни работи во Франција предложил мошне смел план – виталните функции за јаглен и челик на Франција и Сојузна Република Германија да се здружат во една организација која би била отворена за сите „европски демократии“. Кон оваа иницијатива во 1951 година се приклучиле Белгија, Холандија, Луксембург и Италија, со што бил означен почетокот на создавањето на првата од трите европски заедници – Европската заедница за јаглен и челик. Овој успех ги мотивирал шесте земји кон понатамошна интеграција околу општата економска унија и унија на полето на употреба на нуклеарната енергија за мирољубиви цели. Овие шест земји на 25 март 1957 година го потпишале Римскиот договор за формирање Европска економска заедница (ЕЕЗ) и Европска заедница за атомска енергија (ЕВРОАТОМ). Со тоа биле создадени трите европски заедници.

Со нивното формирање се тежнеело кон унапредување на економскиот растеж, повисок животен стандард, спречување на војната и зајакнување на мирот и слободата како и доведување до поблиска унија на народите од Европа. Во почетниот период Европската заедница за јаглен и челик, од една страна и ЕЕЗ и ЕВРОАТОМ од друга страна, имале одвоени институции. Високото тело на Европската заедница за јаглен и челик и Комисијата на ЕЕЗ во 1967 година ја формирале Европската заедница која од 1 ноември 1993 година го добила новото име – Европска унија (ЕУ).

Денес, Европската унија има 25 членки и претставува економска, политичка и воена сила во светот. Исто така, ЕУ претставува најголем трговски блок во светот. На 1 јануари 1993 година формално е создаден единствен европски пазар со што се елиминирани сите бариери за слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал. Со стапувањето во сила на договорот од Мастрихт на 1 ноември 1993

година, ЕУ направи неповратен чекор кон економска и монетарна унија и кон единствена валута од една страна и политичка унија, од друга страна. Договорот од Мастрихт им дава право на државјаните на нејзините земји членки за европско државјанство. Всушност, со Договорот од Мастрихт земјите членки на Европската унија решиле да живеат „федерализирани", уредени врз принципот на заемни интереси како највисок облик на политичко, економско и безбедносно интегрирање на државно-политички субјекти на Европа. Со формирањето на Европската унија, а особено договорите кои ги утврдуваат целите на Европската унија, условуваат формирање институции кои ќе остваруваат точно дефинирани функции. Тие институции се: Советот на министрите, Европската комисија, Европскиот парламент, Судот на правдата и Европскиот совет.

Европската унија се состои од три „столба":

- *Европската заедница* е правната рамка за политиката на Заедницата во врска со единствениот пазар, меѓународната трговија, помошта за развој, монетарната политика, земјоделството, риболовот, животната средина, регионалниот развој, енергијата итн.;
- *Заедничка надворешна и безбедносна политика* (CFSP);
- *Правда и внатрешна политика*, која ја покрива соработката во рамките на Унијата во области како што се граѓанското и кривично право, политиката за имиграција и азил, граничната контрола, шверцот со дрога, полициската соработка и размената на информации.[1]

ЕУ има зрели внатрешни политики или „нормални политики" и таа е добро стабилизирана и здрава институализирана. Следува дека многу политички практики се вградени во нејзините секојдневни игри.

Главната и најважна внатрешна цел на Европската унија е промовирање на економскиот и општествениот напредок забележано преку креирање безгранична област, преку промовирање на економска и општествена кохезија и преку воспоставување економска и монетарна унија вклучувајќи и единствена валута која беше операционализирана во почетокот на 2002 г.* Од надворешен аспект, главната и сеопфатна цел на Унијата е да го наметне својот иден-

---

[1] NATO Handbook, 2001 Office of Information and Press, NATO – 1110 Brusseles – Belgium.

* На 01.01.2002 година со повлекување од употреба на националните валути на поголемиот дел од земјите членки на ЕУ де факто се воспостави заедничка монетарна унија.

титет на меѓународната сцена, особено преку Заедничката надворешна и безбедносна политика, вклучувајќи го и развојот на заедничката одбранбена политика.

Како што е добро познато, политичките разлики помеѓу државите членки на развојот на заедничката одбранбена политика долго време беа инструмент за спречување на ЕУ да развие воени карактеристики.(Smith A.M. and Timmins G, 2001: 45-70).

Европската безбедносна иницијатива има за цел да ја зајакне способноста на европските нации да дејствуваат во рамките на целите на надворешната политика. Ова значи две работи. Прво, ја зајакнува заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, но и ја дава и можноста да донесува воени одлуки, а со тоа и можноста од политичка контрола на операциите за менаџмент со кризи (Задачи од Петерсбург). Како второ, ги зајакнува воените способности на Европа, така што на европскиот менаџмент со кризи му се дава кредибилитет со што се дава подобар и покохерентен придонес во НАТО.

Сепак, за првите триесет години од нејзиното постоење ЕУ беше сурово исклучена од каква било акција или дури дискусија за прашање за одбраната. Најважната причина за исклучување на заедницата од секаква надлежност во полето на безбедноста и одбраната беше прифаќањето дека одговорноста за колективна одбрана на Европа се поставува со НАТО.

Развојот на кохерентната одбранбена политика за ЕУ беше област на големи тешкотии во поголемиот дел од периодот на 90-те години на минатиот век. Велика Британија беше особено проблематична, плашејќи се дека секое зголемување на улогата на Европската унија ќе биде на штета на кохезијата на НАТО. Овие недоразбирања набргу беа надминати и ЕУ се фокусира на градење на капацитети за автономна акција поддржани од веродостојни воени сили и средства, но исто така манифестира и подготвеност да може да одговори на меѓународните кризи.

Со оваа радикална промена на позицијата на ЕУ се отвори патот за понатамошен развој на европската одбрана. Западноевропската унија (ЗЕУ)* во минатото беше перцепирана како главен фокус за напорите на европската одбрана. Таа беше ограничена во приста-

* ЗЕУ од пред извесен период и официјално не постои, нејзината улога е олицетворена во Заедничка надворешна и безбедносна политика.

пот до способностите, недостатокот на адекватен персонал за планирање и степенот на несигурност за типот на операции кои би можела да ги преземе. Заедничката надворешна и безбедносна политика е продолжение на Западноевропската унија која имаше за цел да ја унапреди меѓувладината соработка на земјите членки на ЕУ на подрачјето на безбедноста.

Во 1991 година во Мастрихт се состанаа шефовите на држави и влади на земјите членки на Европската заедница (ЕЗ) и беше донесено решение за основање заедничка надворешна и безбедносна политика (CFSP). Подоцна, на 10.12.1991 година од страна на министрите на ЗЕУ беа донесени *декларации* со кои се поставија темелите во развојот на ЗЕУ.

Во јуни 1992 година министрите за надворешни работи и за одбрана на членките на ЗЕУ составија декларација во Санкт Петербург под која тие би создале воена сила способна да биде користена на барање на ОБСЕ или на Советот за безбедност на ООН. Декларацијата наведува дека силите на ЗЕУ би можеле да бидат употребени за хуманитарни и спасувачки задачи, задачи за зачувување на мирот и за задачи на борбените сили во раководење во кризи, вклучувајќи и создавање мир.

Значи, создавањето европска одбрана е концепт што е присутен долго време во агендата на Европската унија, но чија практична реализација почна да се остварува во последната деценија на минатиот век. Поточно, оваа идеја стана реалност по Самитот во Мастрихт од 01.11.1993 година кога се создаде новата рамка на заедничката надворешна и безбедносна политика. Договорот од Мастрихт ги кодифицира и ги зајакна правилата и искуствата за дипломатска соработка.

Подоцна, Договорот од Амстердам понуди нова серија принципи со што ѝ даде на Унијата политички и административни структури кои ѝ овозможија да се претстави едногласно во меѓународната политика, односно Договорот претставуваше засилување на институционалната основа за заедничка политика во надворешните работи и безбедноста.

НАТО изрази целосна поддршка на Бриселскиот самит одржан во јануари 1994 година, потенцирајќи дека итноста за европската безбедност и одбранбен идентитет ќе ја зајакне европската потпора на Алијансата и ќе им овозможи на европските сојузници да преземат поголема одговорност за нивната заедничка безбедност и одбрана.

## 2. Договорот од Мастрихт и Договорот од Амстердам

Договорот од Мастрихт кој стапи на сила на 1 ноември 1993 година ги кодифицира и зајакна правилата и искуствата за дипломатска соработка. Целите се содржани во глава 5 од Договорот[2] и се однесуваат на создавање на заедничка надворешна и безбедносна политика за сите работи поврзани со безбедноста на ЕУ, вклучувајќи ја евентуалната конструкција на заедничка одбранбена политика, која што со време би резултирала со заедничка одбрана. Со тоа Договорот од Мастрихт создаде нова рамка за општи дејства во заедничката надворешна и безбедносна политика (CFSP), но со невешта, комплицирана и неефикасна машинерија.

Договорот од Амстердам нуди нова серија на принципи со што и даде на Унијата политички и административни структури кои што и овозможија да се претстави едногласно во меѓународната политика. Во Договорот од Амстердам[3] се содржани следните елементи:

- Заедничката надворешна и безбедносна политика да се базира на принципите за териториjален интегритет и мора да биде во согласност со принципите од Повелбата на ООН.
- Земјите членки на Унијата ќе треба да направат чекор напред во меѓународната соработка и да развијат нови форми на меѓусебна политичка солидарност.
- Унијата исто така треба да биде способна да се грижи за хуманитарната помош и задачата за зачувување на мирот. Многу позитивен е фактот дека традиционалните неутрални земји членки на Унијата (Ирска, Австрија, Финска и Шведска) се сложија да придонесат во овие мисии кои што не го доведуваат во прашање нивниот статус.
- Договорот донесе и новини во процесот на донесување одлуки. Овие нови методи на одлучување се базираат на заеднички стратегии кои што ја следат општата надворешна политика, заедничките дејства и заедничките позиции. За овие заеднички стратегии одлучува Европскиот Совет. Така тие дури после одлуката на Европскиот Совет можат да бидат ставени на гласање со квалификационо мнозин-

[2] Fontaine.P, A New Idea for Europe, Office for Official Publications of the European Communities, Luxembourg, 2000, p.29.

[3] European Commission Directorate-General, Questions and Answers on the Treaty of Amsterdam, Brussels, 1997, pp. 17,18.

ство пред Советот на министри. Конструктивната клаузула на воздржување е вклучена во овој договор. Оваа клаузула и дозволува на една или повеќе земји членки да се воздржат кога конкретни одлуки се усвоени и имплементирани, без при тоа да се ограничат другите земји членки од дејствување. Ако земја членка се спротивстави на некоја одлука од важни причини за националната политика таа може да биде вратена до Европскиот Совет со квалифицирано мнозинство од страна на Советот на министри. Тогаш Европскиот Совет ќе одлучува за тоа со јавно гласање.

- Со цел да се даде поголема кохерентност и транспарентност на зедничката безбедносна и надворешна политика, со овој Договор Унијата може да биде претставена на различен начин: **а)** земјите членки го имаат претседателството на Советот; и **б)** група (наречена тројка во смисла на жаргонот на Заедницата) која се состои од: претседателство на Советот, Комисија и Генерален секретар кој што ќе дејствува како највисок претставник на Унијата за зедничката и безбедносна политика.
- Земјите членки ќе ги анализираат потенцијалните конфликтни зони заедно и ќе ги антиципираат кризните ситуации. Во ова ќе учествуваат официјални претставници од Советот, Комисијата и земјите членки и ќе бидат одговорни за анализирање и одредување на рамките на заедничката надворешна и безбедносна политика и можат, на барање на Советот, да предлагаат студии, препораки и стратегии на дејствување.

Недостаток на Договорот од Амстердам е во тоа што во повеќето од случаите за кои што се донесуваат одлуки со мнозинство се сеуште лимитирани. Со овој Договор не е постигната согласност за инкорпорирање на Западноевропската Унија[4] во ЕУ, што може да доведе до измислена европска одбранбена политика, додека се одвиваат многу солидни врски со САД преку трансатланската соработка со НАТО.

Заедничката надворешна и безбедносна политика е камен темелник на ЕУ која ги опфаќа сите области на надворешната политика вклучувајќи ја и безбедноста. Одредбите по кои се раководи

[4] ЗЕУ имаше за цел да ја унапреди меѓувладината соработка на земјите членки на подрачјето на безбедноста. ЗЕУ од пред извесен период и официјално не постои, нејзината улога е олицетворена во европската надворешна и безбедносна политика.

заедничката одбранбена и безбедносна политика, на никој начин не влијаат врз специфичните карактеристики на одбранбената и безбедносната политика на некои од земјите членки. Така, неутралните земји и понатаму ќе имаат посебен статус, Франција и Велика Британија и понатаму ќе можат да ја развијат својата одбранбена политика како нуклеарни сили. Ова значи дека Договорот од Амстердам го отвори патот за интеграција на ЗЕУ во ЕУ и создавање на заедничка европска политика за одбрана, но тоа во никој случај не значи дека е постигната целта. Заедничката надворешна и безбедносна политика долгорочно ќе доведе до заедничка одбрана, како што е формулирано во Договорот од Мастрихт кој што од една страна води сметка за државите кои сметаат дека политички одбранбениот идентитет на Европа треба да се засили, а од друга страна, за државите кои со таква акција не сакаат да се нарушат односите со Атланскиот сојуз. Знаејќи го ова се чувствува несигурност и неодлучност во желбата да се направи чекор напред до заедничка одбранбена политика.

Договорот во Амстердам и решенијата кои следуваа донесени во Келн, во Хелсинки, во Феира и во Ница за развојот на заедничка надворешна и безбедносна политика се стремежи кои овозможуваат ЕУ да биде способна да дејствува на меѓународната безбедност, со понатамошно унапредување на ЕУ на патот кон политичка унија која е вистински способна да дејствува. Кога еднаш овие одлуки ќе бидат целосно имплементирани ЕУ ќе маршира на значаен опсег на цивилно и воено значење и дејствува автономно и ефикасно во спречувањето на кризите и управувањето со нив.

На состанокот на советот на Европската унија во Хелсинки во 1999 година, се формира „главната цел“ на земјите членки на ЕУ во рамките на нивните воени капацитети во операции за спречување кризи. Целта беше да му се овозможи на ЕУ до 2003 година да распореди и да одржи уште најмалку една година, воени сили од најмногу 60.000 војници за спроведување на целиот спектар на таканаречените Петерсбуршки задачи кои беа донесени со Договорот од Амстердам во 1997 година. Овие задачи се состојат од хуманитарни и спасувачки задачи; мировни задачи и задачи за борбени сили во справувањето со криза, вклучително и одржување на мирот. Нивната улога би била преземање воени операции предводени од ЕУ како одговор на меѓународните кризи во услови кога НАТО не е воено вклучен.

Одговарајќи на оваа иницијатива во април 1999 г. на Вашингтонскиот самит, НАТО го прослави својот 50-ти роденден. Тој понуди

консултации со ЕУ кои ќе се однесуваат на европскиот пристап на планирачките способности на НАТО и на заеднички имот за операциите кои ќе ги води ЕУ. Концептот на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ESDI) во рамките на НАТО беше посебно признат.

На основа на одлуките донесени во Хелсинки и во Вашингтон во 1999, ЕУ и НАТО презедоа активности за верификување на трајни ангажмани за консултации и соработка помеѓу ЕУ и НАТО, како и ангажмани за пристап на ЕУ кон способностите на НАТО („Берлин плус“) Во Ница, Европскиот Совет ги разгледа предлозите на ЕУ за такви ангажмани. Како и да е, предлогот на ЕУ за „Берлин плус“ – особено во делот на барањата на ЕУ за сигурен и автоматски пристап до планирачките можности на НАТО – наиде на одобрување од сите сојузници.

Европскиот Совет во декември 2001 ја декларираше европската безбедносна и одбранбена политика како операционална и во Севилја во јуни 2002 потврди дека Унијата беше во позитива да води сметка при управувањето со кризни операции во Босна и во Македонија.

Подготвеноста за распоредување се идентификува како еден од главните двигатели за структурата на евросилите.

Тоа беше потврдено и на Самитот во Атина одржан на 14.03.2003 година, на кој на евросилите им се даде легитимитет за преземање на улогата на НАТО во Република Македонија. Како резултат на тоа на 31.03.2003 година ЕУ и официјално го започна реализирањето на овој проект.

Со тоа може да се констатира дека силите на ЕУ прераснуваат во највисоко ниво на мултинационалност и ќе го развиваат воениот аспект на европската безбедност преку селективна готовност за употреба на воените инструменти за одбрана на националните или на европските интереси.

## 3. Институционална рамка на ЗНБП

Различните организации и институции кои учествуваат во целокупната Заедничка надворешна и безбедносна политика, различно функционираат, имат различни приоритети и различна моќ на одлучување. Приоритетите и центрите на моќ кои влијаат во политич-

кото одлучување често варираат и тешко со прецизност може да се нацрта хиерархиската пирамида. Вака расчленета Заедничка надворешна и безбедносна политика, по делови, сегменти и проблеми со кои се занимава, ја прават институционалната рамка доста сложена. Сложен е процесот на структурите, нивното функционирање и меѓусебната поврзаност. Сложеноста се гледа во прцесот на управување со кризи, во координирањето на цивилните и воените инструменти и нивно усогласување, а посебно во оперативното изведување на мисиите на европското тло и пошироко.

Заедничката надворешна и безбедносна политика својата институционална рамка ја темели на следните тела: Европскиот совет, Советот на ЕУ, Политичкиот и безбедносен комитет, Воениот комитет, Генералниот директорат за надворешни работи, Единицата за политичко планирање и рано предупредување итн.

*Европскиот совет* ја има централната позиција во однос на заедничката надворешна и безбедносна политика. Тој ги дава главните насоки и во него се донесуваат политичките принципи за сите одбласти, вклучувајќи ги и оние што се поврзани со одбранбената сфера. Европскиот совет одлучува едногласно за заедничките стратегии што се имплементираат од страна на Унијата за прашања за кои државите членки имаат важни заеднички интереси.

*Советот на ЕУ* ги донесува потребните одлуки во врска со формулацијата и имплементацијата на ЗНБП врз основа на генералните насоки или заедничките стратегии усвоени од страна на Европскиот совет. Оттука, тој усвојува заеднички позиции и презема заеднички акции и донесува одлуки во врска со овие прашања. Советот е одговорен да обезбеди акцијата на Унијата да биде заедничка, коегзистентна и ефикасна.

*Политичкиот и безбедносен комитет* се раководи на општата состојба и врз основа на неговите проценки дава свои мислења во формулирањето на политиката. Неговите мислења тој ги презентира пред Советот. Во случај на кризи, овој комитет игра важна улога во дефинирањето на одговорот на Унијата на соодветната криза. Исто така, тој е одговорен за политичката контрола и давањето стратегиски насоки за сите воени операции. Неговата работа ја поддржува, и му доставува препораки, Воениот комитет со помош на Воениот штаб.

*Воениот комитет* ги дава воените насоки поврзани со воените ангажмани на ЕУ. Воениот комитет е составен од шефовите на воените мисии на земјите-членки во Брисел. Претседавач на

Воениот комитет е генерал со четири ѕвезди, избран од петнаесетте шефови на мисиите и поставен од страна на Советот за период од три години.

Секои шест месеци државите членки на ЕУ го преземаат *Претседателството* со Унијата и за време на нивниот мандат претседаваат со Европскиот совет, со Советот на ЕУ и со потчинетите тела одговорни за поднесување предлози. Претседавачот ја претставува Унијата за прашања поврзани со ЗНБП преку водењето политички дијалог со трети земји. Тој е одговорен за имплементирање на одлуките поврзани со ЗНБП. На претседавачот му асистираат генералниот секретар на Советот/високиот претставник на ЗНБП во асоцијација со европскиот комесар. На претседавачот може да му асистира и државата-членка што треба да биде следен претседавач.

*Високиот претставник* има задача да му помага на Советот во формулирањето и во имплементирањето на политичките одлуки и ако има потреба неговите активности ги извршува во името на Советот.

*Генералниот директорат за надворешни работи* покрива три подрачја: надворешните економски односи; прашања од доменот на ЗНБП и „воено-политичката" структура за безбедносната и одбранбена политика. Директоратот е одговорен за подготовката, учеството во политичкиот дијалог и остварувањето на работните односи помеѓу Унијата и меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, НАТО и СЕ) во делот од неговите компетенции.

„*Единицата за политичко планирање и рано предупредување*", е формирана договорот од Амстердам. Таа му е потчинета на високиот претставник за надворешна и безбедносна политика. Нејзини задачи се: вршење мониторинг и анализа на случувањата во сферите релевантни на ЗНБП; обезбедување процени за интересите на Унијата и идентификување на подрачјата на кои ЗНБП треба да се фокусира во иднина; обезбедување навремени процени и рано предупредување за настаните и состојбите што можат да имаат значајни реперкусии, вклучувајќи ги потенцијалните кризи и изготвување барање на Советот или на Претседавачот или на сопствена иницијатива, аргументирани анализи како придонес во формулирањето на политиката на Советот.

*Воениот штаб на ЕУ* е составен од воени експерти од државите членки и за својата работа му одговара на Високиот претстав-

ник. Овој штаб има задача да обезбеди информации за рано предупредување, процена на ситуацијата и стратегиско планирање за операциии од кризниот менаџмент, вклучувајќи го идентификувањето на национални и на мултинационални европски сили и имплементирање на одлуките донесени од страна на воениот комитет.

*Евройскаша комисија* учествува во активностите од доменот на ЗНБП со цел да осигура нејзина коегзистентност со надворешните економски односи и развојот на соработката, односно доделувањето на хуманитарната помош. Тоа се подрачја на кои Комисијата игра водечка улога.

## 4. Матријални бенефиции за земјите со статус на кандидат

За успешно прилагодување и постигање на пропишаните стандарди од ЕУ вклучувајки ги и оние за остварување на ЗНБП, земјите кандидати имаат право да користат соответни средства од претпристапните фондови на ЕУ. Во наредниот период, во кој и Р. Македонија станува потенцијален корисник на овие средства, наместо досегашните три фонда (ISPA SAPARD i PHARE) ќе постои само еден единствен фонд наречен Instrument for Pre-Accecion, или ИПА. Новиот инструмент на ЕУ за земјите кандидати, ИПА опфаќа пет подрачја во кои земјите кандидати ќе можат да ги користат средствата и тоа:

1. јакнење на институциите
2. регионална и прекугранична соработка
3. регионалниот развој
4. развој на човечките ресурси и
5. рурален развој

Средствата ќе можат да се користат во периодот од 2007 до 2013 година, а износот и динамиката на нивното искористување ќе зависи од способноста на земјата за повлекување на средствата согласно на строго пропишаните правила, или од т.н. способност за апсорција на државата.

За ефикасно ползување на овие средства потребно е се оспособат или да се формираат нови институционални структури во скоро сите државни ресори, кои успешно ќе ги совладуваат сите пропишани процедури и услови за користење на средствата. Искуствата кај сите земји кандидати, досега, без исклучок укажуваат на фактот дека, скоро во целиот период на кандидатски статус, или особено во

почетната фаза, земјите покажувале неоспособеност за користење на расположивите средста, односно немале потребна апсорпциона моќ.

Затоа потребно е нашата земја поучена од искуствата на другите, веднаш да отпочне со оспособување на државните органи, институциите и компаниите за стартување со проекти за користење на овие значајни средства за нашата европска иднина.

**Заклучок**

Неодамнешниот развој на Заединачката надворешна и безбедносна политика и Европската безбедносна и одбранбена политика ја претвори Европа во многу пократедибилен актер во дипломатијата и безбедносната политика. Многу од придонесот на Европската унија за мирот и безбедносна на светот е всушност во економскиот домен. Таа се базира на трговска политика, развојна помош и хуманитарна помош. Многу години, Европската унија промовира мир и стабилност во соседството преку двоен процес: Стабилизација на соседните области преку регионална соработка и партнерства, како и интеграција.

Во последно време е понагласено чувството и гледањата за сѐ поактуелното значење и важност на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија. Тоа може да се согледа од безбедносната состојба која е актуелна денес во Европа. Заедничката надворешна и безбедносна политика во ваква констелација на односите има се понагласена и поистакната улога на тлото на Европа. Истовремено, Заедничката надворешна и безбедносна политика денес станува организација која има на располагање одредени механизми кои и овозможуваат успешно преземање на активности во насока на справување со кризни ситуации.

Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија претставува основа за стабилна и безбедна Европската унија, преку воспоставување на механизмите за контрола и брза реакција и аналогно на тоа нејзините мисии имаат позитивна улога во управувањето со кризи и превенцијата на конфликтите во Европа и пошироко со што се создаваат услови за одржување на стабилноста на безбедносен и на политички план во европските држави, но и во пошироките регион.

Справувањето со оваа динамична безбедносна средина бара промена на парадигмата. Бидејќи новите закани се шират и се комплексни, тие се спротивставуваат на традиционални начини на оперирање. Тие бараат одговорни и разновидни одговори. Во принцип, ЕУ го има се тоа. Широк спектар на инструменти: од трговија, помош и дипломатија до цивилни и воени алати за кризен менаџмент. Но исто така и акутна свесност на потребата да се делува. И важно, моќта да се остане инволвиран долгорочно ако е потребно.

Значи, главниот предизвик на Заедничката надворешна и безбедносна политика за наредните години ќе биде да се прошири оваа зона на мир, со промовирање безбедност пошироко од нашите граници и конструирање на меѓународен поредок заснован на правила. Ова е огромен предизвик и ќе бара напорна работа за да се претвори во реалност.

(Рецензент: *ӣроф. д-р Зоран Нацев*)

## ЛИТЕРАТУРА

Гоцевски, Т., *Основи на системот на националната одбрана*, Филозофски факултет, Скопје, 2006

Гоцевски, Т. и Бакрески О., *Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Република Македонија*, Маринг, Скопје, 2005

NATO Handbook, 2001 Office of Information and Press, NATO – 1110 Brusseles – Belgium

Smith A.M. and Timmins G., Building a Bigger Europe – EU and NATO enlargement in comparative perspective, Ashgate, Aldershot • Burlington USA • Singapore • Sydney, 2001

Denza E., The Intergovernmental Pillars of the European Union, Oxford New York, 2002

Rosamond B., *Theories of European Integration*, PALGRAVE, New York, 2000

*European Commission Directorate-General, Questions and Answers on the Treaty of Amsterdam*, Brussels, 1997

Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, Влада на РМ, Скопје, септември, 2004.

Бакрески д-р О., Координација на безбедносната заедница во Република Македонија, Маринг, Скопје, 2005

Славески д-р С., *Националната безбедност на Република Македонија и евроатлантските интеграции*, Диги принт –Скопје, 2003.

*Европската унија – ваш сосед – документација*, Скопје, 1995.

Trajan GOCEVSKI

# EUROPEAN UNION AND DEFENCE IDENTITY


## Abstract

*European Union represents a practical model of commonly accepted political nomenclature of political identity of Western European countries. Furthermore, it is the highest peak of supranational integration that is based on new laws of post-industrial civilization development. Common foreign and security policy is the military component of the European Union and a part of the European security system which should be enabled for tackling primarily tangible threats in Europe and beyond. It aims at preserving common values and strengthening security in all segments. In addition, it has an objective for organization of own defence which will be independent from NATO capacities. The contribution of the Common foreign and security policy to the stability of Europe is based on the concept described as democratic security, state with international characteristics, but equally refers to both security among sovereign states and security concerns of the people in the state. The future of the Common foreign and security policy depends on the increased capacity of action. The expectations for the European Union to play an international role are immense. There have already been sufficient instruments – what generally lacks is concentrated political will for these instruments to be practiced efficiently.*


***Keywords:*** *EUROPEAN SECURITY, COMMON FOREIGN AND SECURITY POLICY, DEFENCE IDENTITY.*